**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр. 11-461**
**06.11.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) и Извештајот од вонредниот програмски надзор на **Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово,** бр.11-5456/1 од 05.11.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради рееемитување на програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на **Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**, Директорот на Агенцијата на ден 06.11.2014 година го донесе следното:

## Решение
## за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси

1. СЕ ОПОМЕНУВА **Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово,** заради повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14) сторена на ден 04.11.2014 година, односно поради реемитување на телевизиски програмски сервис кој не е регистриран во аналогниот програмски пакет од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Tring History.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово,** веднаш по приемот на ова решение, да го исклучи реемитувањето на следниот нерегистриран телевизиски програмски сервис, и тоа: Tring History, и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 04.11.2014 година, изврши вонреден програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во аналогниот програмски пакет на операторот, **Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), на начин што **Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**, реемитувало телевизиски програмски сервис кој не е регистиран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Повредата се состои од реемитување на телевизиски програмски сервис кој не е регистриран од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Tring History.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот бр. 11-5456/1 од 05.11.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземење мерка-опомена, со цел исклучување на реемитувањето на нерегистрираниот програмски сервис и усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Агенцијата му наложи на операторот исклучувањето да го изврши веднаш по приемот на решението и да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Исто така, ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали **Друштвото за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**, постапило по налогот односно опомената и престанало со реемитување на програмскиот сервис во својот програмски пакет, кој не е регистриран во Агенцијата, а е наведен во точка 1 и 2 на ова решение.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1)**

1. Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр. 11-5456/1 од 05.11.2014 година.

Доставено до:
- Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово;
- Управителот на Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Куманово;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 05.11.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 5456 | 1 | |

**До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**За: д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, Директор**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14), се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

**ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:**

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 4 и член 28 став 1, 2 и 3, а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во с.Оризаре, Липково, Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, на ден 04.11.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:**

Вонреден програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско .емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**КОНСТАТАЦИИ:**

При извршениот вонреден програмски надзор врз операторот, **Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**, на ден 04.11.2014 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на с.Оризаре, Липково, во рамките на аналогниот пакет реемитува вкупно 27 програмски сервиси од кој 1 програмски сервис не е опфатен со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од 23.09.2013, бр.2 од 18.02.2014, бр.3 од 21.03.2014, бр.4 од 24.04.2014, бр.5 од 27.06.2014 и бр.6 од 18.07.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и тоа: Tring History.

**ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:**

Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово**, на ден 04.11.2014 година во 10:30 часот, за своите претплатници, во рамките на аналогниот пакет, го реемитуваше следниот телевизиски програмски сервис за кој не е издадена потврда за негово реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги: Tring History, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14).

Надзорот врз работата на наведениот оператор на јавни електронски комуникациски мрежи го изврши службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Владимир Ѓорѓиески.

Извештајот од извршениот контролен програмски надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи на ден 04.11.2014 година во с.Оризаре, Липково е изработен од м-р Владимир Ѓорѓиески.

Службено лице од АВМУ:

м-р Владимир Ѓорѓиески ____________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. На Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следниот програмски сервис во рамките на аналогниот пакет: Tring History.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмскиот сервис да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот, Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

Прилог (1):

- Извештај од извршен програмски надзор од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за услуги, производство и трговија ВВВ-ИНТЕРНЕТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права